2021

JРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА JРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30.09.2021 ГОДИНА

III Квартал

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ..... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 07 до 09м. 2021 година ..... 3

II. ПРИХОДИ ..... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2021 ГОДИНА ..... 5

III. ТРОШОЦИ – ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ..... 6

Трошоци за вработените ..... 6
Патни и транспортни трошоци ..... 7
Заеднички трошоци ..... 7
Програмски права ..... 8
Останати трошоци од работење ..... 9
Инвестиции ..... 9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2021 ГОДИНА ..... 10

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2021 ГОДИНА ..... 14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2021 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2021 ГОДИНА ..... 15

1. Побарувања од купувачите во земјата ..... 15
2. Побарувања од купувачите во странство ..... 16

VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2021 ГОДИНА ..... 16

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2021 ГОДИНА ..... 17

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на ЈРП МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Почнувајќи од месец април 2020 година Вториот ТВ програмски сервис започна со емитување на програма на албански јазик со 24 часовно дневно времетраење а се отворија и три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 кој емитува забавно - музичка, културна и спортска програма, МТВ 4 – документарна програма и програма на етничките заедници и МТВ 5 наменет за детска програма. Исто така, во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во третото тримесечје од 2021 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 333.654.038 денари и расходи во вкупен износ од 257.881.786 денари со што е остварен позитивен финансиски резултат од 75.772.252 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01. 07 - 30. 09. 2021 ГОДИНА**

| ОПИС | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | | Финансиски план 2021г. | | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **227,257,535** | **100.0** | **1,022,500,000** | **100.0** | **333,654,038** | **100.0** | **146.8** | **32.6** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **209,196,725** | **92.1** | **1,017,200,000** | **99.5** | **257,881,786** | **77.3** | **123.3** | **25.4** |
| Трошоци за вработени | 107,567,341 | 47.3 | 481,910,000 | 47.1 | 112,321,409 | 33.7 | 104.4 | 23.3 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 637,590 | 0.3 | 7,420,000 | 0.7 | 2,143,058 | 0.6 | 336.1 | 28.9 |
| Заеднички трошоци | 35,500,197 | 15.6 | 171,280,000 | 16.8 | 57,043,207 | 17.1 | 160.7 | 33.3 |
| Програмски права | 49,255,620 | 21.7 | 288,150,000 | 28.2 | 62,782,210 | 18.8 | 127.5 | 21.8 |
| Останати трошоци од работење | 16,235,977 | 7.1 | 68,440,000 | 6.7 | 23,591,902 | 7.1 | 145.3 | 34.5 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **18,060,810** | | | | **75,772,252** | | | |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот 07-09 месец 2021 година реализирани се приходи во износ од 333.654.038 денари.

Како приход со највисок износ е приходот кој МРТ го добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност. Но, од почетокот на 2021 година односно во претходните два квартални периоди, а како последица на мерките за намалување на вкупните трошоци во државата, средствата по овој основ МРТ ги добиваше во значително намален износ во однос на планираниот, а тоа негативно се одрази како на тековното работење така и на финансискиот резултат во претходните два квартални извештаи од годината. Меѓутоа, по усвојувањето на ребалансот на Буџетот на РСМ, во месец Август 2021 година, како дел од износот кој претходно беше намален, на МРТ и беа исплатени дополнителни средства во износ од 156.450.000 денари, со што вкупно добиените средства за финансирање на радиодифузна дејност во третиот квартал од 2021 година изнесуваат 324.075.000 денари. Овие средства придонесоа за подобрување на финансиската состојба и ликвидноста на МРТ и го олесниjа сервисирањето на тековните но и на заостанатите обврски.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 67.481 денар што е реализација од 13,5% во однос на планираните приходи за 2021 година за оваа намена.

По основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и други услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 517.314 денари или 17,2% во однос на планираните приходи за 2021 година за оваа намена, а приходот од услуги во странство е остварен во износ од 6.080 денари.

Ставката останати деловни приходи е реализирана во износ од 2.988.749 денари или остварување од 16,2% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, наплатени отпишани побарувања, дополнитено утврдени приходи од минати години и друго.

Приходите од наплата на средства по основ на судски пресуди во корист на МРТ бележат остварување во износ од 23.781 денар.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во третото тримесечје од 2021 година е остварен во износ од 5.975.633 денари што е реализација од 6,0% на планираните средства во Финансискиот план за 2021 година за оваа намена. Во тековното работење ЈРП МРТ настојува на своите гледачи да им ги направи достапни најновите и актуелни програмски содржини од најразлични области а при тоа со акцент на откуп и емитување на најзначајните спортски настани.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2021 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.07-30.09.2020 год. | Планирани приходи за 2021 г. | Остварени приходи 01.07-30.09.2021 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 223,500,000 | 894,000,000 | 324,075,000 | 145.0 | 36.3 | 97.1 |
| Закупнини | 75,408 | 500,000 | 67,481 | 89.5 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 3,000,000 | 517,314 | 100.0 | 17.2 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 8,996 | 2,000,000 | 6,080 | 67.6 | 0.3 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски, дополнително утврдени приходи од претходни години и др) | 2,326,265 | 18,500,000 | 2,988,749 | 128.5 | 16.2 | 0.9 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 7,157 | 1,500,000 | 23,781 | 332.3 | 1.6 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 822,395 | 100,000,000 | 5,975,633 | 726.6 | 6.0 | 1.8 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **227,257,535** | **1,022,500,000** | **333,654,038** | **146.8** | **32.6** | **100.0** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот јули - септември 2021 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 257.881.786 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 25,4%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07-30.09.2021 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 107,567,341 | 481,910,000 | 112,321,409 | 104.4 | 23.3 |
| Патни и транспортни трошоци | 637,590 | 7,420,000 | 2,143,058 | 336.1 | 28.9 |
| Заеднички трошоци | 35,500,197 | 171,280,000 | 57,043,207 | 160.7 | 33.3 |
| Програмски права | 49,255,620 | 288,150,000 | 62,782,210 | 127.5 | 21.8 |
| Останати трошоци од работење | 16,235,977 | 68,440,000 | 23,591,902 | 145.3 | 34.5 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **209,196,725** | **1,017,200,000** | **257,881,786** | **123.3** | **25.4** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 220,075 | 5,300,000 | 71,980 | 32.7 | 1.4 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **220,075** | **5,300,000** | **71,980** | **32.7** | **1.4** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **209,416,800** | **1,022,500,000** | **257,953,766** | **123.2** | **25.2** |

## Трошоци за вработените

Во третиот квартал од 2021 година групата Трошоци за вработени е остварена во вкупен износ од 112.321.409 денари или 23,3% од средствата планирани за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 111.909.609 денари и кои во однос на остварувањето во истиот период од минатата 2020 година се повисоки поради изедначувањето на минималната плата на вработените во МРТ, почнувајќи од месец Септември 2020 година, со нето платата на ниво на државата која тогаш изнесуваше 14.934 денари. Ова усогласување е извршено согласно потпишаните измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците за отпремнина исплатена на вработените кои оствариле право на пензија реализирани во износ од 169.726 денари, трошоците за други примања на вработените остварени во вкупен износ од 233.236 денари кои ги опфаќаат трошоците за помош на вработените исплатени по разни основи (помош во случај на смрт, боледување подолго од 6 месеци и сл.), како и трошоците за едукација (обуки на вработените, семинари и сл.) остварени во износ од 8.838 денари.

Просечната нето плата по работник за периодот 07-09 месец 2021 година изнесува 35.681 денари.

## Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 2.143.058 денари и истата е реализирана со 28,9% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2021 година за оваа намена. Споредено со истиот период од минатата 2020 година, оваа година патните и транспортните трошоци во земјата и странство бележат повисоко остварување кое всушност се должи на зголемениот обем на патувања во анализираниот период за реализација на програмските цели овозможени со постепено намалување на рестриктивните мерки кои беа воведени минатата 2020 година на државно ниво поради опасноста предизвикана од ширењето на Корона вирусот COVID-19. Реализацијата на патните трошоци во земјата опфаќа патувања на екипите на МРТ за пренос и емитување на настани како Охридско лето, Макфест, прослава на годишнина од Илинденското востание во Крушево и Пелинце, Струшки вечери на поезијата, фестивал Песна ечи – Струга, филмски есеј – Дојран, прослава во Струга по повод 20 години Рамковен договор, Балкански фестивал, Охридски маратон, Охрид фест- Охридски трубадури, филмски фестивал Браќа Манаки, пренос од разни спортски натпревари и друго. Додека пак, патувањата на екипите на МРТ надвор од земјата за реализацијата на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни области или присуство на најразлични саеми и средби за програмски цели се однесуваат на патувања во: Финска – пренос од Европско првенство во одбојка, Турција – снимање на репортажи за ориентот, Белград – денови на влашка култура, Приштина – средба со претставници на Радио Приштина, Нови Сад – учество на регионална конференција, Подгорица – учество на меѓународна работилница за проверка на дезинформациите во јавните медиумски сервиси, Белград – учество на регионална работилница на тема Употреба на модерни алатки за мерење на програмата и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

## Заеднички трошоци

Во третиот квартал од 2021 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 57.043.207 денари што е реализација од 33,3% на финансискиот план за 2021 година за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за електричен и технички материјал со вкупно остварување од 168.108 денари, трошоците за канцелариски материјали и материјали за возен парк со вкупно остварување од 189.969 денари, потоа трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво остварени во вкупен износ од 6.714.565 денари, трошоците за ситен инвентар во износ од 102.510 денари како и телефонските трошоци (фиксна и мобилна телефонија) со интернет и поштарина остварени во вкупен износ од 838.426 денари и трошоците за аудио и видео линии потребни за сите радио и ТВ преноси реализирани се трошоци во износ од 9.473.656 денари. Во рамки на планираните износи за 2021 година остварување бележат и трошоците за обезбедување на имот и лица и трошоците за одржување на хигиена во вкупен износ од 2.283.355 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните

средства и градежните објекти во МРТ во вкупен износ од 573.813 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 162.981 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 330.464 денари како и трошоците за комунални услуги со вкупна реализација од 886.356 денари. Пресметаните трошоци за амортизација на основните средства во анализираниот период изнесуваат вкупно 15.317.378 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ реализацијата изнесува 2.107.076 денари а пресметката и исплатата се врши согласно законот за ААВМУ. Реализација во рамки на планираните износи бележат банкарските трошоци и трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок, данок на имот и сл.) со остварување во вкупен износ од 2.269.798 денари кои опфаќаат плаќања во земјата и странство а по основ на откупена филмска и спортска програма, како и трошоците за осигурување на имот и лица, кои во анализираниот период, се реализирани во износ од 396.165 денари, трошоците за камати од работење и затезни камати реализирани се трошоци во износ од 1.636.890 денари и трошоците за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра (надвор од постапка за јавна набавка) во износ од 117.050 денари. Дополнително утврдените расходи од минати години се остварени во износ од 12.048.680 денари а повисоката реализација во анализираниот период во најголем обем се однесува на расходи од минати години по основ на надомест за Агенцијата за филм за 2018 и 2019 година.

### Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма се остварени во вкупен износ од 62.782.210 денари што претставува 21,8% реализација на планот за 2021 година за оваа намена.

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 17.089.838 денари а се однесува на фактурирана реализација на спортски права за пренос на одбојкарски натпревари и ЛОИ-Летните олимписки игри 2020 година кои поради состојбата во светот предизвикана со корона вирусот Covid-19 се одржаа во 2021 година.

За откуп на лиценцни права за емитување на филмови, серии и документарни емисии од најразлични жанрови на ТВ програмските сервиси на МРТ, реализирани се трошоци во износ од 4.673.921 денари.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 30.495.972 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, образованието, забавно-контактни емисии, информативни емисии и серијали како Преспав, Објектив, ТВ проект Жиле (Т), потоа ТВ проекти за деца какви што се Дајте музика и Бумеранг, реализација на емисии преку истражувачко и аналитичко новинарство и други.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 10.522.479 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за пристап до лиценцирани вести од интернет,

потоа откуп и емитување на ТВ проектите како Агенда 35, Албанците во скандинавските земји, Џентлмен магазин, Приказна, 7 минути здравје и сл.

### Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 23.591.902 денари или остварување од 34,5% во однос на планираниот износ за оваа намена. Истата ги опфаќа трошоците за технички услуги во износ од 7.279.182 денари остварени за користење коментаторски позиции, ISDN линии и слично кои бележат повисоко остварување кое се должи на трошоци реализирани за пренос на ЛОИ – летните олимписки игри 2021 година и кои доспеваат по завршување на настанот и како ставка се непредвидиливи односно не е возможно да се предвидат однапред. Во оваа група спаѓаат и трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 7.086.288 денари а со цел да се надмине проблемот со дефицит на кадар во одделни сектори или одделенија во МРТ како и трошоците за обезбедување на услуги за користење на сателитски сегмент во износ од 1.000.614 денари. Трошоците за годишни членарини за учество во меѓународни организации – ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично, реализирани се во износ од 3.152.422 денари а трошоците за надомест за Агенција за филм согласно законот за филмска дејност во анализираниот период износуваат 4.319.384 денари.

### Инвестиции

Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема во третиот квартал од 2021 година фактурираната реализација изнесува 71.980 денари. Станува збор за набавка која е реализирана во законски определениот износ до 1.000 евра на месечно ниво (надвор од постапка за јавна набавка) но која, поради видот на набавка, сметководствено треба да се евидентира во делот за набавка на опрема и инвестиции а се однесува на итна набавка на камера потребна за репортажното возило на МТВ.

## АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2021 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 106,626,649 | 468,000,000 | 111,909,609 | 105.0 | 23.9 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 9,400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 737,390 | 1,900,000 | 169,726 | 23.0 | 8.9 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени, помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 197,302 | 950,000 | 233,236 | 118.2 | 24.6 |
| Награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 610,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 6,000 | 300,000 | 8,838 | 147.3 | 2.9 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **107,567,341** | **481,910,000** | **112,321,409** | **104.4** | **23.3** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 436,455 | 1,850,000 | 618,739 | 141.8 | 33.4 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 22,260 | 3,000,000 | 1,124,009 | 5,049.5 | 37.5 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 1,320 | 0.0 | 1.3 |
| Превоз за службени патувања во странство | 0 | 1,400,000 | 211,947 | 0.0 | 15.1 |
| Сопствено возило за службени потреби | 63,832 | 270,000 | 47,100 | 73.8 | 17.4 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 45,500 | 200,000 | 44,250 | 97.3 | 22.1 |
| **Вкупно 2** | **568,047** | **6,820,000** | **2,047,365** | **360.4** | **30.0** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 69,543 | 350,000 | 95,693 | 137.6 | 27.3 |
| Услуги за превоз на вработени | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **69,543** | **600,000** | **95,693** | **137.6** | 15.9 |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **637,590** | **7,420,000** | **2,143,058** | **336.1** | **28.9** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 402,614 | 1,200,000 | 31,057 | 7.7 | 2.6 |
| Технички материјал | 372,264 | 1,000,000 | 137,051 | 36.8 | 13.7 |
| Материјал за кулиси и декор | 64,233 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 257,156 | 800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **1,096,267** | **3,000,000** | **168,108** | **15.3** | **5.6** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 215,513 | 1,450,000 | 171,911 | 79.8 | 11.9 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 81,326 | 300,000 | 18,058 | 22.2 | 6.0 |
| **Вкупно 5** | **296,839** | **1,750,000** | **189,969** | **64.0** | **10.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 5,150,695 | 20,000,000 | 4,952,835 | 96.2 | 24.8 |
| Трошоци за топлотна енергија | 526,456 | 11,500,000 | 1,257,426 | 238.8 | 10.9 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 338,691 | 3,000,000 | 504,304 | 148.9 | 16.8 |
| **Вкупно 6** | **6,015,842** | **34,500,000** | **6,714,565** | **111.6** | **19.5** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 52,864 | 2,600,000 | 102,510 | 193.9 | 3.9 |
| **Вкупно 7** | **52,864** | **2,600,000** | **102,510** | **193.9** | **3.9** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 53,543 | 600,000 | 74,657 | 139.4 | 12.4 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 302,753 | 2,200,000 | 475,600 | 157.1 | 21.6 |
| Трошоци за интернет | 57,940 | 800,000 | 242,566 | 418.7 | 30.3 |
| Поштарина | 30,205 | 150,000 | 45,603 | 151.0 | 30.4 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 1,385,876 | 10,000,000 | 9,473,656 | 683.6 | 94.7 |
| **Вкупно 8** | **1,830,317** | **13,750,000** | **10,312,082** | **563.4** | **75.0** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 819,038 | 4,500,000 | 1,488,765 | 181.8 | 33.1 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 1,091,472 | 5,000,000 | 432,351 | 39.6 | 8.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 473,605 | 4,000,000 | 141,462 | 29.9 | 3.5 |
| Одржување на возила | 238,678 | 2,500,000 | 162,981 | 68.3 | 6.5 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 24,921 | 150,000 | 13,028 | 52.3 | 8.7 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 327,777 | 1,000,000 | 330,464 | 100.8 | 33.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 184,810 | 3,700,000 | 794,590 | 429.9 | 21.5 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од корона вирус | 143,537 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **3,303,838** | **21,850,000** | **3,363,641** | **101.8** | **15.4** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 425 | 40,000 | 580 | 136.5 | 1.5 |
| Дератизација и дезинфекција | 60,000 | 300,000 | 116,550 | 194.3 | 38.9 |
| Трошоци за ѓубретарина | 143,791 | 950,000 | 276,452 | 192.3 | 29.1 |
| Трошоци за вода | 901,526 | 3,300,000 | 492,774 | 54.7 | 14.9 |
| **Вкупно 10** | **1,105,742** | **4,590,000** | **886,356** | **80.2** | **19.3** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 40,752 | 400,000 | 76,987 | 188.9 | 19.2 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 40,293 | 250,000 | 49,675 | 123.3 | 19.9 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **81,045** | **1,200,000** | **126,662** | **156.3** | 10.6 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 16,339,070 | 63,000,000 | 15,317,378 | 93.7 | 24.3 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 0 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 12** | **16,339,070** | **63,400,000** | **15,317,378** | **93.7** | **24.2** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **1,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за репрезентација | 97,355 | 500,000 | 93,061 | 95.6 | 18.6 |
| **Вкупно 14** | **97,355** | **500,000** | **93,061** | **95.6** | 18.6 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 381,910 | 1,700,000 | 396,165 | 103.7 | 23.3 |
| **Вкупно 15** | **381,910** | **1,700,000** | **396,165** | **103.7** | 23.3 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 93,130 | 600,000 | 173,615 | 186.4 | 28.9 |
| **Вкупно 16** | **93,130** | **610,000** | **173,615** | **186.4** | **28.5** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 41,313 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **41,313** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,381,738 | 9,000,000 | 2,107,076 | 152.5 | 23.4 |
| **Вкупно 18** | **1,381,738** | **9,000,000** | **2,107,076** | **152.5** | **23.4** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 1,219,771 | 3,650,000 | 2,096,183 | 171.9 | 57.4 |
| Судски трошоци и административни такси | 4,572 | 400,000 | 33,782 | 738.9 | 8.4 |
| **Вкупно 19** | **1,224,343** | **4,050,000** | **2,129,965** | **174.0** | **52.6** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 400,000 | 307,461 | 0.0 | 76.9 |
| **Вкупно 20** | **0** | **400,000** | **307,461** | **0.0** | **76.9** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 869,948 | 1,400,000 | 12,048,680 | 1,385.0 | 860.6 |
| **Вкупно 21** | **869,948** | **1,400,000** | **12,048,680** | **1,385.0** | **860.6** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,247,759 | 4,000,000 | 1,636,890 | 131.2 | 40.9 |
| **Вкупно 22** | **1,247,759** | **4,000,000** | **1,636,890** | **131.2** | **40.9** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 40,877 | 1,000,000 | 851,973 | 2,084.2 | 85.2 |
| **Вкупно 23** | **40,877** | **1,000,000** | **851,973** | 2,084.2 | 85.2 |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | **0** | 880,000 | 117,050 | 0.0 | 13.3 |
| **Вкупно 24** | **0** | **880,000** | **117,050** | **0.0** | **13.3** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **35,500,197** | **171,280,000** | **57,043,207** | **160.7** | **33.3** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 2,005,113 | 15,000,000 | 4,673,921 | 233.1 | 31.2 |
| Останати програмски права | 21,183,663 | 52,000,000 | 10,522,479 | 49.7 | 20.2 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | | 2,350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 0 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 4,522,804 | 95,300,000 | 17,089,838 | 377.9 | 17.9 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 13,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 21,544,040 | 110,000,000 | 30,495,972 | 141.6 | 27.7 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **49,255,620** | **288,150,000** | **62,782,210** | **127.5** | **21.8** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 60,060 | 500,000 | 635,840 | 1,058.7 | 127.2 |
| **Вкупно 26** | **60,060** | **500,000** | **635,840** | **1,058.7** | **127.2** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 117,670 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 2,005,116 | 5,000,000 | 7,279,182 | 363.0 | 145.6 |
| Трошоци за опремување сцена | 411,011 | 1,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 2,227,388 | 1,700,000 | 21,000 | 0.9 | 1.2 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 4,676,507 | 22,000,000 | 7,086,288 | 151.5 | 32.2 |
| Трошоци за проект Евровизија | 781,293 | 3,750,000 | 11,683 | 1.5 | 0.3 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сателитски сегмент | 0 | 3,130,000 | 1,000,614 | 0.0 | 32.0 |
| **Вкупно 27** | **10,218,985** | **39,030,000** | **15,398,767** | **150.7** | **39.5** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останат и услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 2,378,028 | 10,000,000 | 3,152,422 | 132.6 | 31.5 |
| Котизации и акредитации | 0 | 200,000 | 61,495 | 0.0 | 30.7 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 3,469,426 | 14,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,000,000 | 4,319,384 | 0.0 | 108.0 |
| **Вкупно 28** | **5,847,454** | **28,700,000** | **7,533,301** | **128.8** | **26.2** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 109,478 | 210,000 | 23,994 | 21.9 | 11.4 |
| **Вкупно 29** | **109,478** | **210,000** | **23,994** | **21.9** | 11.4 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **16,235,977** | **68,440,000** | **23,591,902** | **145.3** | **34.5** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **209,196,725** | **1,017,200,000** | **257,881,786** | **123.3** | **25.4** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема и инвестиции** | 220,075 | 5,300,000 | 71,980 | 32.7 | 1.4 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **220,075** | **5,300,000** | **71,980** | 32.7 | 1.4 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **209,416,800** | **1,022,500,000** | **257,953,766** | **123.2** | **25.2** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2021г.

Состојбата на денарските сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2021 година изнесува:

- Комерцијална банка 8.494.718 денари
- Халк банка 7.901.131 денари
- Тутунска банка 657.433 денари
- Стопанска банка 718.492 денари
- Шпаркасе банка 2.637 денари
- Алфа банка 75.730 денари
- Прокредит банка 1.899.978 денари

***Вкупно на сметки : 19.750.219 денари***

Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2021 година изнесува:

- Комерцијална банка 71 ЕУР
  109 ДКК
- Стопанска банка 136 УСД

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2021 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.09.2021 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020г | Состојба на 30.09.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,091,011,246 | 2,098,439,489 | 100.4 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 40,245,762 | 39,039,353 | 97.0 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,120,795,925 | -2,114,092,053 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **10,461,083** | **23,386,789** | **223.6** |

### 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020г | Состојба на 30.09.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,042,627,644 | 2,050,666,222 | 100.4 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 48,383,602 | 47,773,267 | 98.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,090,327 | -2,075,386,455 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **8,920,919** | **23,053,034** | **258.4** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020г | Состојба на 30.09.2021 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,033,405,711 | 2,026,931,660 | 99.7 |
| - радио и телевизиски реклами | 6,189,493 | 19,907,032 | 321.6 |
| - закуп на основни средства | 118,182 | 117,704 | 99.6 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,спогодби) | 2,507,304 | 3,099,395 | 123.6 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 610,431 | 150.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 48,383,602 | 47,773,267 | 98.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,090,327 | -2,075,386,455 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **8,920,919** | **23,053,034** | **258.4** |

## 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.09.2021 година изнесуваат вкупно 333.755 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020г | Состојба на 30.09.2021 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,081,464 | 34,892,473 | 99.5 |
| - ТВ услуги | 541,822 | 541,830 | 100.0 |
| - технички услуги | 2,819,706 | 2,819,743 | 100.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,841 | 16,841 | 100.0 |
| - отстапени права | 1,387,989 | 369,493 | 26.6 |
| - фестивали во странство | 124,843 | 125,167 | 100.3 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 273,097 | 273,806 | 100.3 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -38,705,598 | -38,705,598 | 100.0 |
| **Вкупно:** | **1,540,164** | **333,755** | **21.7** |

## VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2021 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2020 год. | состојба на 30.09.2021 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **524,694,272** | **349,604,032** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 59,837,774 | 45,886,649 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 12,120,233 | 7,393,457 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 78,723 | 105,303 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата, камати по истите и сл. | 141,817,920 | 79,399,511 |
| Обврски спрема вработените | 37,025,731 | 24,846,081 |
| Обврски за авторски договори | 1,132,789 | 1,132,789 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 157,860,262 | 153,521,670 |
| Останати краткорочни обврски | 1,096,399 | 991,914 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 3,230,070 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг за ММИ) | 100,804,161 | 33,096,588 |
| **Долгорочни обврски** | **173,019,640** | **230,482,006** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 11,516,235 | 11,516,235 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 0 | 57,462,366 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 161,503,405 | 161,503,405 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **697,713,912** | **580,086,038** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.09.2021 година изнесуваат 580.086.038 денари и истите се намалени за 117.627.874 денари во однос на состојбата на 31.12.2020 година.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2021 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.09.2021 година изнесува вкупно 690 лица, што е помалку за 5 лица или за 0.7% во однос на состојбата на 30.06.2021 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2021 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2021 | 1 | 27 | 305 | 22 | 315 | 0 | 20 | 5 | 695 | |
| 30.09.2021 | 1 | 27 | 302 | 22 | 313 | 0 | 20 | 5 | 690 | -5 |
| структура 30.09.2021 г.(%) | 0.1 | 3.9 | 43.8 | 3.2 | 45.4 | 0.0 | 2.9 | 0.7 | 100.0 | -0.7 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2021 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македо нци | албан ци | турци | срби | власи | роми | бош њаци | црного рци | оста нато | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2021 | 490 | 141 | 24 | 20 | 8 | 4 | 3 | 2 | 3 | 695 | |
| 30.09.2021 | 486 | 140 | 24 | 21 | 7 | 4 | 3 | 2 | 3 | 690 | -5 |
| структура 30.09.2021г.(%) | 70.4 | 20.3 | 3.5 | 3.0 | 1.0 | 0.6 | 0.4 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | -0.7 |

Во текот на третото тримесечје од 2021 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања.

Во истиот период еден новинар со ВСС е вратен на работа по користење на неплатено отсуство од работа во траење од 3 месеци додека пак 6 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ и тоа: 3 лица по основ на стекнување на правото за пензионирање од кои 1 уредник со ВСС и 2 новинари со ВСС, 2 лица (1 пожарникар со ССС и 1 стручен соработник со ВСС) се починати а 1 техничар со ССС користи неплатено отсуство од работа во времетраење од 3 месеци.

Скопје, Октомври 2021 година